**Издава:**

**Организација на жените на**

**Општина Свети Николе**

**Цветан Димов 14**

**2220 Свети Николе**

**Тел / факс:032 444 620**

**wom_org@yahoo.com**

**www.womsvetinikole.org.mk**

**Брошурата ја подготви:**

**Радмила Сандева Крстова**

**Дизајн и компјутерска обработка:**

**Јасмина Трајчева**

**Печати: Цвај Дизајн**

**Тираж: 500 броја**

**Оваа брошура е издадена со поддршка од**

KVINNA TILL KVINNA

# ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ НА ЖЕНИТЕ ОД РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ ВО ИСТОЧНА МАКЕДОНИЈА

**Свети Николе,**

**Септември 2010**

## За проектот

Истражувањето се спроведе во рамките на проектот **"Создавање на услови за поправедно општество 3"** кој Организацијата на жените на општина Свети Николе го реализира во текот на 2010 година, со финансика подршка на Шведската фондација **Kvinna till Kvinna**.

## Цел на истражувањето

Целта на истражувањето е:

- добивање на информации за положбата на жените во руралните средини во Источна Македонија;
- идентификување на проблемите на жените со кои се соочуваат во секојдневниот живот;
- идентификување на потребите на жените со цел подобрување на условите за живот.

## Целна група

Целна група на истражувањето се 1097 жени, над 18 години, од 48 села во 9 општини (Свети Николе, Радовиш, Кочани, Виница, Струмица, Куманово, Липково, Лозово и Пробиштип ) во Источна Македонија.

## Методологија на истражувањето

Истражувањето беше спроведено од 5 Мај до 25 Мај 2010 година. Анкетата е спроведена со теренско истражување, со посета на жените во местото на живеење и непосредно поставување на прашањата од анкетниот прашалник. Во анкетата се опфатени неколку групи на прашања од кои првиот дел се прашања за лични податоци за анкетираната жена, додека останатите покриваат неколку клучни прашања поврзани со жени и тоа: здравствена заштита, вработување, политика, учество на жените во одлучување на локално ниво, семејство и семејно насилство, поседување на сопственост и родови односи. Анкетата беше спроведена во соработка со 8 НВО и тоа: ОЖ Пробиштип, ОЖ Струмица, ОЖ Кочани, ОЖ Лозово, ОЖ Кумановка - Куманово, ЗГ Деница - Радовиш, ЗГ ИНИ- Виница и ХО- Искреност од Липково.

# АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД АНКЕТАТА

## I. ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

**1.Општина**

| **општина** | **Број на анкетирани** | **%** |
|---|---|---|
| Свети Николе | 200 | 18 |
| Куманово | 160 | 15 |
| Пробиштип | 100 | 9 |
| Кочани | 127 | 12 |
| Виница | 110 | 10 |
| Струмица | 160 | 15 |
| Липково | 80 | 7 |
| Лозово | 50 | 5 |
| Радовиш | 110 | 10 |
| ***вкупно*** | 1097 | 100 |




Анкетата беше спроведена на 1097 жени од 9 општини и тоа: Свети Николе, Куманово, Пробиштип, Кочани, Виница, Струмица, Липково, Лозово и Радовиш. Бројот на анкетирани жени и процентуалното учество на секоја општина е даден во табелата.

## 2. Населени места

**Свети Николе**

| села | број | % |
|---|---|---|
| Црнилиште | 25 | 12,5 |
| Горобинци | 30 | 15 |
| Ерџелија | 30 | 15 |
| Мустафино | 12 | 6 |
| Амзабегово | 26 | 13 |
| Немањици | 30 | 15 |
| Ѓуѓанци | 20 | 10 |
| Сопот | 10 | 5 |
| Пеширово | 17 | 8,5 |
| ***вкупно*** | 200 | 100 |

**Куманово**

| села | број | % |
|---|---|---|
| Горно Коњаре | 22 | 13,8 |
| Ново село | 30 | 18,8 |
| Романовце | 21 | 13,1 |
| Тромеѓа | 25 | 15,6 |
| Речица | 33 | 20,6 |
| Орашац | 29 | 18,1 |
| ***вкупно*** | 160 | 100 |

**Пробиштип**

| села | број | % |
|---|---|---|
| Злетово | 36 | 36 |
| Ратавица | 20 | 20 |
| Стрмош | 10 | 10 |
| Пробиштип | 20 | 20 |
| Драгобраште | 4 | 4 |
| Добрево | 10 | 10 |
| ***вкупно*** | 100 | 100 |

**Кочани**

| села | број | % |
|---|---|---|
| Бели | 56 | 44 |
| Тркање | 69 | 54 |
| Теранци | 2 | 2 |
| ***вкупно*** | 127 | 100 |

**Виница**

| села | број | % |
|---|---|---|
| Градец | 23 | 20,9 |

**Струмица**

| села | број | % |
|---|---|---|
| Куклиш | 45 | 28,1 |

| | | |
|---|---|---|
| Крушево | 5 | 4,5 |
| Јакимово | 26 | 23,6 |
| Истибања | 34 | 30,9 |
| Трсија | 2 | 1,8 |
| Блатец | 2 | 1,8 |
| Пеклани | 7 | 6,4 |
| Трсино | 9 | 8,2 |
| Липец | 2 | 1,8 |
| ***вкупно*** | 110 | 100 |

| | | |
|---|---|---|
| Муртино | 26 | 16,3 |
| Банско | 22 | 13,8 |
| Борисово | 37 | 23,1 |
| Дабиље | 30 | 18,8 |
| ***вкупно*** | 160 | 100,0 |

**Липково**

| **села** | **број** | **%** |
|---|---|---|
| Слупчане | 16 | 20 |
| Ваксинце | 17 | 21,25 |
| Лојане | 17 | 21,25 |
| Ропалце | 16 | 20 |
| Никуштак | 14 | 17,5 |
| ***вкупно*** | 80 | 100 |

**Лозово**

| **села** | **број** | **%** |
|---|---|---|
| Милино | 25 | 50 |
| Дорфулија | 25 | 50 |
| ***вкупно*** | 50 | 100 |

**Радовиш**

| **села** | **број** | **%** |
|---|---|---|
| Раклиш | 37 | 34,2 |
| Злеово | 40 | 34,2 |
| Калаузлија | 33 | 31,6 |
| ***вкупно*** | 110 | 100,0 |

Во анкетата беа опфатени 48 села од 9 општини: Свети Николе - 9, Куманово - 6, Пробиштип - 6, Кочани - 3, Виница - 9, Струмица - 5, Липково - 5, Лозово - 2 и Радовиш - 3 села.

## 3. Возраст

| Одговор | Број на анкетирани | % |
|---|---|---|
| до 25 години | 166 | 15 |
| 26-35 години | 242 | 22 |
| 36-45 години | 209 | 19 |
| 46-55 години | 200 | 18 |
| 56-65 години | 154 | 14 |
| над 65 години | 126 | 12 |
| ***вкупно*** | **1097** | 100 |




Во анкетата се опфатени 1097 жени на возраст над 18 години. Од табелата се гледа процентуалното учество на секоја старосна структура на жени, која се движи од 12% за жени над 65 години, до 22% за жени на возраст од 26-35 години.

## 4. Националност

| Одговор | Број на анкетирани | % |
|---|---|---|
| Македонка | 897 | 81,8 |
| Албанка | 83 | 7,6 |
| Ромка | 2 | 0,2 |
| Србинка | 53 | 4,9 |

| | | |
|---|---:|---:|
| Турчинка | 59 | 5,3 |
| Влаинка | 1 | 0,1 |
| друго | 2 | 0,2 |
| ***вкупно*** | **1097** | 100 |

Според националната структура од вкупно 1097 анкетирани жени 81,8% се македонки, 7,6% се албанки, 4,8% се србинки, 5,3% турчинки, а остатокот се некаде помалку од 1% и тоа ромки, влаинки и припаднички од друга националност. Националната структура на анкетираните е одраз и на процентуалната застапеност на етничките заедници во источниот дел од Македонија.

## 5. Брачен статус

| **Одговор** | **Број на анкетирани** | % |
|---|---:|---:|
| немажена | 121 | 11 |
| мажена | 821 | 75 |
| разведена | 24 | 2 |
| вдовица | 119 | 11 |
| без одговор | 12 | 1 |
| ***вкупно*** | **1097** | 100 |




Според брачниот статус најголем процент од анкетираните жени, односно 75% се мажени, по 11% се немажени и вдовици, 2% се разведени, а 1% односно 12 анкетирани жени не одговориле на ова прашање.

## 6. Со кого живеете?

| Одговор | Број на анкетирани | % |
|---|---|---|
| сама | 51 | 5 |
| немажена, живеам со родители | 99 | 9 |
| самостојно семејство | 606 | 55 |
| семејство во заедница со родители/деца | 308 | 28 |
| друго | 15 | 1 |
| без одговор | 18 | 2 |
| ***вкупно*** | **1097** | 100 |




Од овој податок може да се забележи дека 55% од жените живеат во самостојно семејство (маж, жена и деца), во поширока заедница - семејство со родители или семејство на деца живеат 28%, 9% од немажените живеат со своите родители, сами живеат 5% и во заедница со други 1%, додека 2% од анкетираните не одговориле на ова прашање.

## 7. Број на родени деца

| Одговор | Број на анкетирани | % |
|---|---|---|
| немам деца | 153 | 14 |
| едно | 110 | 10 |
| две | 546 | 50 |

| | | |
|---|---|---|
| три | 177 | 16 |
| повеќе од три | 100 | 9 |
| без одговор | 11 | 1 |
| ***вкупно*** | **1097** | 100 |




Половина од анкетираните жени имаат по 2 деца, 16% имаат 3 деца, а 10% по 1 дете. 14% немаат деца и тоа најголем број се млади немажени девојки, а само мал број од мажените немаат деца. 9% од анкетираните имаат повеќе од 3 деца и тоа се пред се припаднички од албанската и турската националност.

## 8. Образование

| **Одговор** | **Број на анкетирани** | % |
|---|---|---|
| без образование | 68 | 6 |
| основно незавршено | 192 | 17 |
| основно | 320 | 29 |
| средно | 433 | 40 |
| вишо | 15 | 1 |
| високо | 60 | 6 |
| магистратура | 1 | 0,09 |
| докторат | 0 | 0,00 |
| без одговор | 8 | 1 |
| ***вкупно*** | **1097** | 100 |

Според степенот на образование 40% од анкетираните жени имаат средно образование, 30%се  со основно, 17% имаат незавршено осмо одделение и 6% се без образование. Со вишо образование се 1%, високо 6% и 1 жена има магистратура. Овој податок ни покажува дека во руралните средини, жените имаат понизок степен на образование и најчесто по завршувањето на основното или средното училиште не продолжуваат со школување. Треба да се истакне дека понизок степен на образование кај жените има во селата со албанско и турско население, во селата кои се поодалечени од градот (поруралнi), но и кај повозрасни жени.

## 9. Социјален статус

| **Одговор** | **Број на анкетирани** | % |
|---|---|---|
| Студентка | 31 | 3 |
| вработена | 206 | 19 |
| хонорарно вработена | 8 | 1 |
| сезонско вработување | 7 | 1 |
| стечајна работничка/технолошки вишок | 18 | 2 |
| невработена | 480 | 44 |
| земјоделка | 206 | 19 |
| пензионерка | 141 | 13 |
| ***вкупно*** | **1097** | 100 |



Според социјалниот статус 44% од анкетираните жени не се вработени, додека вработени се 19%. Како регистрирани земјоделки се изјасниле 206 жени или 19%, иако најголем број од анкетираните жени ги обавуваат земјоделските работи. Само 4% од анкетираните се студентки/ученички, пензионерки се13%, хонорарно и сезонски вработени се околу 1%, додека технолошки вишок/стечајни работнички се 2%. Податокот укажува на тоа дека жените во руралните средини, потешко можат да се вработат, посебно повозрасните жени и жените со понизок степен на образование.

## II. РАБОТЕН ОДНОС

### 10. Каде работите (само за вработените)

| **Одговор** | **Број на анкетирани** | % |
|---|---|---|
| сопствен бизнис | 31 | 8 |
| приватна фирма | 129 | 31 |
| акционерско друштво /компанија | 15 | 4 |
| државна институција/јавно претпријатие | 31 | 8 |
| индуивидуален земјоделец | 206 | 50 |
| ***вкупно*** | **412** | 100 |



Од 412 жени кои се изјасниле дека се вработени 50% се занимаваат со земјоделие, додека 31% работат во приватни фирми, 4%во акционерски друштва/компании, 8% се во државни инстуции или јавни претпријатија. Со сопствен бизнис се занимаваат 7%. Податокот ни покажува дека бројот на жени кои имаат сопствен бизнис е многу мал, што укажува на тоа дека жените во селата имаат ограничени можности за започнување на сопствен бизнис.

## 11. Работна позиција

| **Одговор** | **Број на анкетирани** | % |
|---|---|---|
| работничка | 310 | 75 |
| службеничка | 26 | 6 |
| Раководителка | 33 | 8 |
| директорка/менаџерка | 7 | 2 |
| друго | 36 | 9 |
| ***вкупно*** | **412** | 100 |




Од 412 анкетирани жени кои се вработени најголем дел или 75% се работнички, 6% службенички, а 8%имаат позиција на раководителки. Од резултатите се гледа дека само 2% се директорки/менаџерки. Податокот укажува на тоа дека жените од руралните средини многу ретко се вработени на повисоки раководни места, пред се поради пониското степен на образование и несоодветните квалификации.

## 12. Колку време работите?

| Одговор | Број на анкетирани | % |
|---|---|---|
| помалку од 1 година | 31 | 8 |
| 1-5 години | 170 | 41 |
| 5-10 години | 100 | 24 |
| 10-20 години | 67 | 16 |
| повеќе од 20 години | 44 | 11 |
| ***вкупно*** | 412 | 100 |




Работниот стаж на вработените жени е даден во претходната табела .

## 13. Дали имате редовно платени придонеси за здравствено и пензиско осигурување?

| Одговор | Број на анкетирани | % |
|---|---|---|
| да | 266 | 65 |
| не | 146 | 35 |
| ***вкупно*** | **412** | 100 |




Од вкупниот број на анкетирани жени кои дале одговор на ова прашање 65% имаат платено пензиско и здравствено осигурување, додека 35% немаат здравствено и пензиско осигурување. Податокот ни покажува дека голем број на жените кои работат и покрај законската обврска да имаат здравствено и пензиско осигурување намаат такви можности. Ова ни укажува на прекршување на правата од работен однос и работење во лоши услови за работа.

## 14. Дали редовно примате плата?

| **Одговор** | **Број на анкетирани** | % |
|---|---|---|
| да | 262 | 64 |
| не | 150 | 36 |
| ***вкупно*** | **412** | 100 |




Податокот ни покажува дека 36% од вработените жени примаат нередовно плата, што придонесува до влошување на економската положба на жената.

## 15. Дали ги познавете правата од работен однос?

| Одговор | Број на анкетирани | % |
|---|---|---|
| да | 233 | 57 |
| не | 179 | 43 |
| ***вкупно*** | **412** | 100 |




Од вкупно вработените жени 43% не ги познаваат правата од работен однос и поради тоа не можат да се борат за своите права или да реагираат поради прекршувањата на прават од работен однос.

(За оние кои се невработени)

## 16. Колку време барате работа?

| Одговор | Број на анкетирани | % |
|---|---|---|
| помалку од 1 година | 14 | 3 |
| 1-2 години | 33 | 6 |
| 3-5 години | 59 | 12 |
| повеќе од 5 години | 120 | 23 |
| не барам работа | 287 | 56 |
| ***вкупно*** | 513 | 100 |




Од 513 невработени жени 56% не бараат работ, 23% бараат работа повеќе од 5 години, 12% бараат работа од 3 до 5

години, додека до 2 години бараат работа 6%. Помалку од 1 година бараат вработување 3% и тоа се млади девојки и жени кои само што го завршиле своето образование. Овој податок ни покажува за голема неактивност на жените при барањето на работа, но и малата понуда на слободни работни места во местото на живеење.

## 17. Поради кои причини не сте вработени?

| Одговор | Број на анкетирани | % |
|---|---|---|
| немам соодветно образование | 83 | 12 |
| немам соодветни квалификации | 96 | 14 |
| немам врски за вработување | 120 | 17 |
| не ми дозволуваат да работам | 15 | 2 |
| стечаен работник/технолошки вишок | 18 | 3 |
| не барам работа | 287 | 41 |




Причините поради кои жените не се вработени се дадени во горната табела. Најчести причини поради кои жените не можат да се вработат е немањето на врски за вработување 17%, несоодветни квалификации 14% и несоодветното образование 12%. Најголем дел од анкетираните воопштто не бараат работа. Ова ни укажува дека е потребно да се подобрат условите во руралните средини за дообразување и стручно оспособување на жените. Кај 1% од анкетираните причината поради кои не се вработени е затоа што сопругот/родителите не им дозволува да работат. Од ова се гледа дека се уште постојат стереотипни сфаќања за местото на жената во општеството.

# III. ЗДРАВСТВО

## 18. Дали имате здравствено осигурување?

| Одговор | Број на анкетирани | % |
|---|---|---|
| да | 895 | 82 |
| не | 104 | 9 |
| без одговор | 98 | 9 |
| ***вкупно*** | **1097** | 100 |




82% од анкетираните одговориле дека имаат здравствено осигурување по некој основ, додека 9% немаат никакво здравствено осигурување. 9% не дале никаков одговор. Податокот укажува на тоа дека голем дел од жените немаат пристап до здравственото осигурување, со што се доведува во прашање заштитата на нивното здравје.

## 19. Дали имате некое заболување?

| Одговор | Број на анкетирани | % |
|---|---|---|
| да | 495 | 45 |
| не | 563 | 51 |
| без одговор | 39 | 4 |
| ***вкупно*** | **1097** | 100 |




Од вкупно анкетираните 45% изјавиле дека имаат некакво заболување, а 51 % дека немаат некое заболување. 4% не одговориле на прашањето. Високиот процент на жени кои имаат некакво заболување покажува дека жените се соочуваат со сериозни здравствен проблем и дека е потребно да се направат поголеми мерки и активности во здравството со цел подобрување на здравствената заштита на жената.

## 20. Доколку имате некакво заболување наведете какво?

| Одговор | Број на анкетирани | % |
|---|---|---|
| срцево заболување | 68 | 6,20 |
| висок/низок крвен притисок | 204 | 18,60 |
| малигно заболување | 16 | 1,46 |
| проблеми со бубрези | 34 | 3,10 |
| белодробни заболувања | 14 | 1,28 |
| проблеми со коските | 110 | 10,03 |
| шекерна болест | 56 | 5,10 |
| нервни заболувања | 36 | 3,28 |
| главоболки | 125 | 11,39 |
| гинеколошки проблеми | 44 | 4,01 |
| не знам | 25 | 2,28 |
| немам никакво заболувања | 450 | 41,02 |
| друго | 38 | 3,46 |
| без одговор | 156 | 14,22 |




Од вкупниот број на анкетирани жени се забележува дека 450 жени немаат никакви здравствени проблеми, 2,28 % не знаат дали имаат некои посериозни здравствени приблеми.Најчести заболувања со кои жените се соочуваат се: висок/низок крвен притисок (8,6%), проблеми со коските (10,30%), главоболки (11,39%), срцеви заболувања (6,2%), шекерна болест (5,10%), додека кај останатите заболувања процентот е околу 3. Податокот покажува дека жените се соочуваат со сериозни здравствени проблеми, кој влијаат врз квалитетот на животот, а воедно претставуваат и сериозен проблем за животот на жената.

## 21. Колку често посетувате гинеколог?

| **Одговор** | **Број на анкетирани** | % |
|---|---|---|
| повеќе од 2 пати годишно | 49 | 4 |
| два пати годишно | 63 | 6 |
| еднаш годишно | 162 | 15 |
| само за време на бременост | 113 | 10 |
| по потреба | 509 | 46 |
| никогаш | 194 | 18 |
| без одговор | 7 | 1 |
| ***вкупно*** | 1097 | 100 |




Имајќи во предвид дека гинеколошките проблеми се едни од најчестите кај жените и се директно поврзани со здравјето на жените, направено е испитување за тоа колку жените се грижат за своето репродуктивно здравје, односно колку често посетуваат гинеколог  Од вкупно анкетираните 1097 жени на ова прашање на одговориле 7 жени, додека од другите одговори може да се конататира следново. Најголем дел од жените (46%) посетуваат гинеколог по потреба, односно во моментот кога ќе забележат некој посериозен здравствен проблем. Дури 18 % од анкетираните никогаш не посетиле гинеколог и тоа се претежно постари жени над 60 години, но голем е бројот и на млади девојки кои сеуште не започнале со гинеколошки прегледи. 10% од жените се јавуваат на гинеколог само во периодот на бремност за да се следи развојот на детето. Од оние кои редовно во определен временски период посетуваат гинеколог може да се види следното: еднаш годишно посетуваат гинеколог 15%, а два пати годишно 6%. 4% од жените посетуваат гинеколог повеќе од два пати, но тука немаме сознанија дали се работи за превентивна посета или пак кај жената е дијагностициран некој здравствен проблем, па поради тоа мораат почесто да одат на гинеколог. Податокот ни покажува дека жените во руралните средини имаат ограничени можности да го следат и сочуваат  своето репродуктивно здравје.

## 22. Дали сте информирани за редовните бесплатни гинеколошки прегледи?

| **Одговор** | **Број на анкетирани** | % |
|---|---|---|
| да | 522 | 48 |
| не | 563 | 51 |
| без одговор | 12 | 1 |
| ***вкупно*** | **1097** | 100 |




Согласно Програмата за рано дијагностицирање на малигни заболувања на репродуктивните органи на жените донесена од Владата на Република Македонија предвидени и беспалтни гинеколошки прегледи. Во анкетата направено е истражување со цел да се види колку жените се информирани за бесплатните гинеколошки прегледи и може да се заклучи дека 51% од анкетираните жени, се уште не се информирани за постиењето на вакви прегледи, додека 48% се информирани за можноста да добијат бесплатен гинеколошки преглед. Ова ни укажува на потребата за поголемо информирање на жените за бесплатните гинеколошки прегледи.

## 23. Какви гинеколошки проблеми имате?

| **Одговор** | **Број на анкетирани** | % |
|---|---|---|
| немам никакви проблеми | 597 | 54 |
| матка | 44 | 4 |
| грло на матка | 19 | 2 |
| јајцеводи | 22 | 2 |
| не знам дали имам проблеми | 232 | 21 |
| не сакам да одговорам | 169 | 15 |
| друго | 14 | 1 |




За тоа дали и какви гинеколошки проблем имаат жените во руралните средини, од табелата се гледа дека 54% од жените сматаат дека немаат никакви гинеколошки проблеми, додека 15%не сакале јавно да кажат дали и какви гинеколошки проблем имаат. 21% од жените не знаат дали имаат некакви проблеми и пртетставува ризична група на жени, кои редовно не посетуваат гинеколог и не знаат дали имаат неков гинеколошки проблем. Од оние кај кои веќе се дијагностицирани определни проблем и заболувања 4% имаат проблем со матката, по 2% имаат проблем со грлото на матката и јајцеводите, додека кај 1% се дијагностицирани други заболувања поврзани со репродуктивнте органи.

## 24. Дали знаете што е ПАП тест?

| Одговор | Број на анкетирани | % |
|---|---|---|
| да | 682 | 62 |
| не | 412 | 38 |
| без одговор | 3 | 0 |
| ***вкупно*** | **1097** | 100 |



Со ПАП тестот може многу рано да се открие ракот на грлото на матката кај жените и потребно е да се направи во определн временски период. 682 жени или 62% знаат што е ПАП тест, додека 38% не се информирани за тоа што е ПАП тест. Овој податок ни покажува деке е потребно поголемо информирањето за потребата и за важноста на ПАП тестот, посебно кај жените помалите рурални средини и во срединитe каде традицијата и обичаите имаат големо влијание.

## 25. Дали знаете што е мамографија?

| **Одговор** | **Број на анкетирани** | % |
|---|---|---|
| да | 616 | 56 |
| не | 476 | 43 |
| без одговор | 5 | 0 |
| ***вкупно*** | **1097** | 100 |




За тоа што е мамографијата и зошто е потребно да се спроведе 56% од жените се информирани, додека 43% не знаат што е тоа мамографија, додека 1% од анкетираните не одговориле на ова прашање.

## 26. Дали сте биле на мамографски преглед?

| **Одговор** | **Број на анкетирани** | % |
|---|---|---|
| да | 229 | 21 |
| не | 865 | 79 |
| без одговор | 3 | 0 |
| ***вкупно*** | **1097** | 100 |




За навремено да се дијагностицираат било какви промени на градите, потребно е да се направат мамографски прегледи, посебно за жените над 40 години. Од анкетираните жени 79% намаат направено мамографски преглед, додека 29% имаат направено мамографски преглед. Од ова може са се заклучи дека е потребна поагресивна кампања за спроведување на мамографски прегледи од една страна, но исто така потребно е набавка на поголем број мамографски апарати и кадровско оспособување со цел квалитетно и навремено спроведување на овие прегледи.

## 27. Дали имате проблеми со градите?

| **Одговор** | **Број на анкетирани** | % |
|---|---|---|
| да | 58 | 5 |
| не | 1033 | 94 |
| без одговор | 6 | 1 |
| ***вкупно*** | **1097** | 100 |




Од анкетираните само 5% изјавиле дека имаат проблем со градите, а 94% немаат проблеми. 1%од анкетираните жени не одговориле на ова прашање.

## 28. Дали знаете да вршите самопреглед на градите?

| **Одговор** | **Број на анкетирани** | % |
|---|---|---|
| да | 443 | 40 |
| не | 635 | 58 |
| без одговор | 19 | 2 |
| ***вкупно*** | **1097** | 100 |




Самопрегледот е првичниот начин со кој жените самите можат да забележат било каква промена на градите, и е потребно секоја жена да знае како да направи самопреглед на градите. Од анкетираните 40% знаат да направат самопреглед, додека 58% не знаат како се врши самопреглед, додека 2% не одговориле на прашањето. Податокот ни покажува дека е потребно едукација на жените за самопреглед на градите.

## 29. Какви информации ви се потребни за вашето здравје?

На ова прашање одговор дале 657 жени, а 440 не дале одговор. Од одговорите кои ги дале жените најчесто се давани следниве одговори:

- гинеколошки проблеми кај жените;
- рак на дојка, мамографија;
- рак на грло на матка, рак на матка, спроведување на бесплатни гинеколошки прегледи, Пап тест
- бременост и контрацепција;
- полови болести;
- менопауза, остеопороза;
- разни заболувања: шекерна болест, болести на бели дробови, главоболки, нервоза
- предавања, директни контакти со лекари, ТВ емисии, брошури,
- за превентива од разни заболување и зачувување на здравјето,
- за лековите, цените на лековите
- набавка нс современи апарати за преглед и навремено закажување на прегледите;
- правата на осигурениците.

# IV. ЗЕМЈОДЕЛИЕ

## 30. Кој донесува одлука за тоа што и колку ќе се сади?

| Одговор | Број на анкетирани | % |
|---|---|---|
| мажот | 223 | 20 |
| жената | 88 | 8 |
| двајцата | 589 | 54 |
| не одговориле | 197 | 18 |
| ***вкупно*** | 1097 | 100 |




Бидејќи најголем број од жените се занимаваат со земјоделие, одлуката за тоа што и колку ќе се сади според анкетата најчесто ја носат двајцата сопружници 54%, додека 20% од анкетираните се изјасниле дека одлуката ја носи мажот. Ова ни покажува дека се уште доминира стереотипите поврзани со местото и улогата на жените.

## 31. Кој најчесто располага со парите добиени од продажба на земјоделско-сточарските проеизводи?

| Одговор | Број на анкетирани | % |
|---|---|---|
| мажот | 175 | 16 |

| | | |
|---|---|---|
| жената | 93 | 8 |
| двајцата | 645 | 59 |
| без одговор | 184 | 17 |
| ***вкупно*** | 1097 | 100 |




Од табелата се гледа дека со парите најчесто располагаат двајцата сопружници 59%, додека 16% мажот. Од ова се гледа дека кај поголем дел од населението се менува мислењето така што најчесто и двајцата партнери располагаат со парите, иако се уште доминира мажот, ова влијае да се зголеми економската зависност на жената од мажот.

# V. ПОЛИТИКА

## 32. Дали жените треба да се занимаваат со политика и зошто?

| **Одговор** | **Број на анкетирани** | % |
|---|---|---|
| да | 606 | 55 |
| не | 467 | 43 |
| без одговор | 24 | 2 |
| ***вкупно*** | 1097 | 100 |

На прашањето дали жените траба да се занимаваат со политика потврдно одговориле 606 анкетирани жени или 55%, додека негативно 467 жени или 43%, а 24 жени не дале одговор на ова прашање.

Најчести причини поради кои жените не треба да се занимаваат со политика се :

- не ме интересира;
- не сакам да се занимавам со политика;
- немам време да се занимавам со политика;
- не сум доволно информирана;
- имам преголеми обврски во семејството;
- не сум вработена;
- стара сум;
- ако се ангажираат жените, не се прифаќа нивното мислење;
- не сакам да слушам за политика;
- треба да сакаат да го работат тоа;
- нема потреба;
- ако не сакаат да се занимаваат со тоа, не треба да го работат

Во анкетата можат да се сретнат и одговори кои се стеротипни како;

- ние сме патријахално воспитани;
- жената треба да се грижи за семејството;
- мислам дека е тоа повеќе за мажи;
- жената е домакинка;
- треба да се гледа куќата и децата;
- жените помалку ги разбираат некои работи;
- сопругот не дозволува;
- на жените не им се дава да го кажат своето мислење;
- таа работа бара многу посветеност, а жената треба да е со децата;
- нема потреба, мажите знаат најдобро;
- во нашето село, обичај е жената да седи дома;
- не се способни колку мажите.

Најголем дел од овие одговори се дадени од жени кои се повозрасни, но и жени кои имаат понизок степен на образование.

Од 606 жени кои имаат позитивен став дека жената треба активно да се вклучи во политиката, како најчести одговори се давани следниве:

- ако сакаат да го работат тоа зошто да не, а и жените се многу одговорни , совесно работата, образовани се;
- жените доста совесно и креативно работат, успешни се во многу области , па и во политиката;
- жените ќе се залагаат за правата и положбата на жените;
- жените треба да одлучуваат за некои работи во државата;
- така треба бидејќи жените се еднакви и рамноправни со мажите и ги имаат истите права;

- ако сакаат да се вклучат во политиката, треба да го работи тоа и секако дека ќе придонесат многу;
- жените се дел од општеството
- и жените се способни да се занимаваат со политика;
- жените се рамноправни со мажите.

Податокот дека 55% жени позитивно се изјасниле за местото и улогата на жените во политиката, укажува на промена на мислењето за местото на жената во политиката и надминување на стереотипите, посебно кај помладите жени и жените со повисок степен на образование.

## 33. Дали членувате во некоја политичка партија?

| **Одговор** | **Број на анкетирани** | % |
|---|---|---|
| да | 120 | 11 |
| не | 961 | 88 |
| без одговор | 16 | 1 |
| ***вкупно*** | **1097** | 100 |

Учеството на жените од руралните средини во политичките партии изнесува 11%, додека 88% не членуваат во ниту една политика партија. Ова покажува на мала заинтересираност на жените за политката и доминација на мажите во политичките паритии, што е посебно изразено во селата.

## 34. Каква позиција имате во партијата?

| **Одговор** | **Број на анкетирани** | % |
|---|---|---|
| членка | 102 | 93 |
| членка на раководство во партијата | 6 | 5 |
| лидерка на месен комитет на партијата | 2 | 2 |
| ***вкупно*** | **110** | 100 |




Најголем дел од жените кои членуваат во политичките партии се само членки и тоа дури 93%, 5% учествуваат во одлучувачките органи на партијата, а само 2 жени се лидерки на партијата во своето место на живеење. Овој податок ни покажува дека и покрај можноста жените да бидат членки во партијата сепак, раководните, управувачките и лидерските позиции се резервирани за мажите.

## 35. Дали учествувате во одлучувањето за некои работи во селото?

| Одговор | Број на анкетирани | % |
|---|---|---|
| да | 57 | 5 |
| не | 987 | 90 |
| без одговор | 53 | 5 |
| ***вкупно*** | **1097** | 100 |

При одлучувањето за определени потреби и проблеми во селата само 5% од анкетираните изјавиле дека учествувале во одлучувањето, додека 90% никогаш не учествувале во работите поврзани со решавање на определени проблем и потреби во селото. Жените учествувале во одлучувањето за потребите на селото и тоа најчесто за:

- кога има референдум за да се одлучува за нешто важно;
- за земјоделски работи;
- скоро за сите проблеми врзани во селото;
- за собирање на инвентар,за изградба на трпезарија;
- за изградба на црква во селото;
- за собирање финансиски средства;
- со свој потпис за петиција за водовод.

Причините поради кои жените не учествуваат се:

- не сакам;
- не сум заинтересирана;
- немам доволно време;
- бидејки сум стара;
- бидејки сум повеќе дома  и не можам;
- не не прашуваат нас;
- затоа што не сум информирана;
- не сум во позиција;
- учествуваат само мажи;
- мажот не дозволува и јас немам интерес;
- бидејки сум незаинтересирана за политика;
- мажот ми е во месната заедница;
- не сум размислувала за тоа;
- немало потреба, затоа одлучува месната заедница и членовите;
- има луѓе платени за тоа;
- кај нас тоа го прават мажите;
- затоа што сме во подредена положба;
- не сум вклучена во јавниот живот;

## VI. СОПСТВЕНОСТ

## 36. Дали поседувате недвижен имот на свое име?

| **Одговор** | **Број на анкетирани** | % |
|---|---|---|
| да | 175 | 16 |
| не | 918 | 84 |
| без одговор | 4 | 0 |
| ***вкупно*** | **1097** | 100 |

Од анкетата се гледа дека само 16% од анкетираните жени поседуваат недвижен имот на свое име и тоа најчесто се жени - вдовици, кои по смртта на сопругот го наследиле имотот.

## 37. Дали поседувате подвижен имот на свое име?

| Одговор | Број на анкетирани | % |
|---|---|---|
| да | 79 | 7 |
| не | 1018 | 93 |
| ***вкупно*** | **1097** | 100 |

Само 7% од анкетираните жени поседуваат недвижен имот на свое име додека 93% немаат подвижен имот на свое име.

# VII. СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

## 38. Дали имате почувствувано некоков вид на насилство?

| Одговор | Број на анкетирани | % |
|---|---|---|
| да | 112 | 10 |
| не | 854 | 78 |
| без одговор | 131 | 12 |
| ***вкупно*** | **1097** | 100 |

10% од анкетираните одговориле дека се жртви на некеков вид на насилство, додека 78% изјавиле дека немаат почувствувано никаков вид на насилство. Од податокот се гледа дека и покрај тоа што е мал бројот на жени жртви на насилство, сепак сметаме дека голем дел од жените не го препознаваат насилството или се срамат да кажат дека имаат почувствувано насилство, посебно насилство од брачниот партнер. Тука се наметнува потребата за поголема едукација на жените во руралните средини со цел препознавање на насилството, но исто така потребно е охрабрување јавно да се признае и пријави насилството.

## 39. Ако имате почуствувано насилство, од кого имате почуствувано насилство?

| Одговор | Број на анкетирани | % |
|---|---|---|
| родители | 4 | 4 |
| сопруг | 77 | 69 |
| деца | 11 | 10 |
| свекот/свекрва | 11 | 10 |
| брат/сестра | 2 | 2 |
| друг член во семсјтвото | 7 | 6 |
| ***вкупно*** | **112** | 100 |




Најголем дел од насилството жените го имаат почувствувано од сопругот и тоа 69% а по 10% од своите деца и од свекор /свекрва. Ова покажува дека насилството во семејството постои и дека е потребно јавно да се признае, со цел да им се помогне на жртвите , а со тоа да им се овозможи нормален живот без страв.

## 40. Каков вид на насилство имате почувствувано?

| Одговор | Број на анкетирани | % |
|---|---|---|
| физичко насилство | 77 | 69 |
| психичко насилство | 44 | 39 |
| сексуално насилство | 4 | 4 |
| економска зависност | 39 | 35 |
| друго | 2 | 2 |




Најчест вид на насилство кои жените го препознаваат е физичкото нсилство-46%, психичкото насилство 27% и економската зависност 24%

## 41. Дали имате побарано помош во случај на семејно насилство

| Одговор | Број на анкетирани | % |
|---|---|---|
| да | 12 | 7 |
| не | 160 | 93 |
| ***вкупно*** | **172** | 100 |

Само 7% од жртвите од семејно насилство имаат побарано помош и тоа од:

- центар за социјална работа;
- полиција;
- родители, семејство и
- некои жени сами го решиле проблемот.

додека 93% немаат побарано помош заради:

- поради средината;
- бидајќи не знаат каде да се обратат;
- не смеат јавно да кажат;
- од срам;
- мислат дека нема начин да им се помогне;
- не можат ништо да променат;
- премолчуваат;
- мислат дека не е потребно;
- не треба некој друг да се меша.

# VIII. РОДОВИ ОДНОСИ

## 42. Дали и колку се согласувате со овие изјави?

| **Одговор** | **целосно се согласува м** | **делумно** | **не се согласува м** |
|---|---|---|---|
| жената треба единствено да се грижи за децата и домот | 331 | 287 | 479 |
| Само жените треба да готват | 320 | 322 | 455 |
| Мажот е газда на куќата | 394 | 269 | 434 |
| жената треба да молчИ кога зборува мажот | 258 | 369 | 470 |
| Мажот треба да заработува пари , а жената да се грижи за домот | 295 | 327 | 475 |
| жените треба да бараат дозвола од мажот за да одат некаде | 281 | 356 | 460 |
| Имотот го наследуваат само синовите во семејството | 301 | 173 | 623 |

Од табелата се гледа дека во голема мерка се присутни стереотипните размислувања за положбата и местото на жената во семејството и заедницата, иако посебно кај помладите жени и жените со повисок степен на образование се забележува промена на ставовите. Од табелата се гледа дека е потребно повеќе да се работи на разбивање на стеротипите, кои многу влијаат врз подредената улога на жените посебно во семејството.

# IX. ПРОБЛЕМИ И ПОТРЕБИ

## 43. Кои се најчестите проблеми со кои се соочувате?

Најчести проблеми со кои жените се соочуваат за поодделни општини се :

**Свети Николе**

- канализација, водовод, ѓубре во селото
- неасфалтирани улици и патишта;
- немање редовен превоз до градот;
- лоши услови во училиштата, руинирани училишта;
- немање на лекар и медицинска сестра;
- немање на културно - забавен живот за младите и децата;
- невработеност и беспарица;
- здравствени проблеми

**Струмица**

- нема редовна исплата на плати, ниски плати;
- економска криза, недостиг на пари и невработеност;
- нема училиште во селото;
- нема пласман на земјоделските производи и ниски цени на земјоделските производи и нередовно исплаќање за откупените производи;
- немање на амбуланта и лекар во селото;
- немање вода и канализација;
- стрес, пушење.

**Лозово**

- невработеност;
- беспарица;
- неорганизиран пласман на земјоделски производи;
- немање на наводнување;
- немање на комунална инфраструктура;
- немање на здравствено осигурување ;
- лични здравствени проблем;

**Пробиштип**

- скапиот живот и беспарица, недоволно финансиски средства, ниски примања;
- здравствени проблем;
- немање на амбуланта и лекар во селото;
- лоши услови и прекувремена неплатена работа ;
- непочитување на законите;
- нередовно плаќање на здравствено-пензиско осигурување;
- цени европски, а плати ниски, големи трошоци за живот;
- брз ритам на животот и напорна работа;

- невработеност;
- болести во старост;

**Кочани**

- нееднаквост меѓу мажот и жената на раководни функции;
- лоши патишта, неасфалтирани улици;
- немање на канализациона и водоводна мрежа;
- недоволно финансии;
- нееднаков третман при вработување на жените;
- лоша поврзаност со градот;
- понижувачки третман на жените во бизнисот;
- немање на осветлување

**Виница**

- напуштање на селата
- немање на асфалтирани патиштаи  улици
- немање канализација и лоша водоводна мрежа
- невработеност;

**Куманово**

- проблем при пласман на земјоделски производи и ниски откупни цени
- високи цени на земјоделски препарати;
- невработеност и лоша финансиска состојба;
- проблем во семсјтвото;
- здравствени проблеми;
- меѓуетнички проблем.

**Липково**

- невработеност;
- здравствени проблеми;
- недоволно финансии.

**Радовиш**

- големи даноци кон државата;
- невработеност и беспарица;
- руинирани училишта;
- лоши патишта;
- лоши услови за живот во селата;
- здравствени проблеми
- немање пласман за земјоделските производи и ниски откупни цени;
- немање културно забавен живот за младите.

## 44. Што ви е потребно за да ви се подобри животот?

Главни потреби на жените во руралните средини по општини се:

**Свети Николе**

- асфалтирање на улиците и патиштата;
- воспоставување редовен превоз до градот;
- отварање на амбуланта и аптека во селата;
- подобрување на водоснабдувањето;
- изградба на канализациона мрежа и собирање на ѓубрето низ селото;
- поставување на лежечки полицајци на улиците во селото;
- отварање на млдински клубови;
- реновирање на училиштата;
- изградба на спортска сала, детски игралишта;
- вработување за младите;
- поголеми плати и редовна исплата на платите.

**Струмица**

- навремена исплата на плати и пензии;
- поголеми финансиски примања во семејството и подобар животен стандард;
- вработување, посебно за младите;
- здравје и лекови за заболените лица;
- да се смени системот;
- да има културен дом, кино и организиран културно -забавен живот
- подобар и организиран пласман на земјоделските производи и повисоки откупни цени ;
- социјална помош;
- студенски кредити;
- да имам сопствен дом;
- подобро работно место;
- изградба на амбуланта и редовна посета на лекар.

**Лозово**

- организирана и редовна продажба на земјоделски производи;
- вработување , посебно на младата популација;
- здравствено осигурување;
- поголеми финансиски примања.

**Пробиштип**

- изградба на пат;
- амбуланта и лекар;
- подобро здравје;
- поголеми финансиски примања, редовна исплата на плати и пензии;
- подобри работни места;
- да нема мито и корупција;

- подобар здравствен систем;
- подобро образование за децата;
- нормален социјален живот;

**Кочани**

- повеќе здравје и здрав живот;
- поголеми финансии и редовна плата;
- вработување;
- осветлување во селото;
- подобрување на условите за земјоделците;
- подобар пристап до образованието;
- културно-забавен живот;
- повеќе толеранција од мажите во бизнисот.

**Виница**

- подобрување на животниот стандард;
- поголеми плати;
- вработување на младите, отварање на нови фабрики;
- асфалтирање на улиците и патиштата.

**Куманово**

- подобра економска состојба во државата;
- вработување и подобри работни места;
- здравје;
- поголеми плати и редовна исплата на плати;
- мир во земјата;
- да се подобри соживотот во селото

**Липково**

- вработување;
- повеќе финансии;
- здравје и мир;
- подобри услови за живот;
- дообразување.

**Радовиш**

- подобра здравствена заштита;
- вработување;
- повеќе финнсии, поголеми плати и пензии;
- заживување на  селата;
- клуб за млади;
- изградба на патишта;
- повисоки откупни цени на земјоделски производи;
- изградба на училишта;
- да се намалат цените на прехрамбените производи.

# ЗАКЛУЧОЦИ

Од резултатите на анкетата можат да се извлечат следниве заклучоци:

- жените во руралните средини имаат многу лоши и неповолни услови за живот;
- жените намаат соодветна здравствена едукација и пристап до соодветна здравствена заштита;
- степенот на образование е на пониско ниво, посебно ако станува збор за повисоките нивоа на образование;
- пристапот до вработување им е ограничен;
- немаат можности за дообразување, доквалфикација и стручно оспособување;
- жените не ги познаваат правата од работен однос и најчесто се соочуваат со разни видови на дискриминација и прекршување на правата;
- се забележува мало учество на жените во политиката, посебно во повисоките одлучувачките структури на партиите;
- жените не се вклучени при решавање на проблемите со кои се соочуваат во своето место на живеење.;
- економски се зависни од мажите бидејќи се невработени, не располагаат со приходите од земјоделската дејност, немаат движен и недвижен имот на свое име;
- не можат да го препознаат семејното насилство;
- стереотипите се уште имаат големо влијание во секојдневниот живот;
- постои голема родова дискриминација.

# ПРЕПОРАКИ

- Подобрување на условите за живот на жените во руралните средини;
- Здравствена едукација и подобар пристап до здравствени услуги;
- Отварање на работни места во руралните средини;
- Едукација за правата од работен однос;
- Преземање мерки за подобар пристап до образование, стручно оспособување и доквалификација;
- Мотивирање на жените за поголемо учество во политиката;
- Информирање за правата на жените и начините и механизмите на заштита во случај на дискриминација и насилство;
- Подигање на свеста за семејното насилство и помош на жените жртви на насилство;
- Подигање на свеста за родовата дискриминација и надминување на стереотипите.